# ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА СОЈУЗОТ НА ДРУШТВАТА ЗА АНТИЧКИ СТУДИИ НА ЈУГОСЛАВИЈА

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СОЈУЗОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЈУЗОТ НА ДРУШТВАТА ЗА АНТИЧКИ СТУДИИ НА ЈУГОСЛАВИЈА за периодот од 1986 – 1989 г.

На редовното годишно собрание на Сојузот, одржано во Пула на 16 окт. 1986 г., беше донесено решение седиштето на Сојузот да се пресели од Загреб во Скопје и беше избрано ново претседателство во следниов состав:

претседател: проф. д-р Петар Хр. Илиевски, Скопје
потпретседатели: проф. д-р Владимир Вратовиќ, Загреб и
проф. д-р Вера Битракова–Грозданова, Скопје
секретар: м-р Витомир Митевски, Скопје
благајник: Евантија Аристотелу, Скопје

| членови: | заменици: |
| --- | --- |
| проф. д-р Олја Периќ, Загреб, | м-р Дамир Салопек, Загреб |
| проф. д-р Примож Симонити, Љубљана, | м-р Мартин Бенедик, Љубљана |
| доц. д-р Војислав Јелиќ, Београд, | м-р Момир Јовиќ, Приштина |
| проф. д-р Жељко Пуратиќ, Сарајево, | м-р Павле Кнезовиќ, Сарајево |

Орган за самоуправна контрола: проф. д-р Кајетан Гантар, Љубљана, проф. Елена Зографска, Скопје, Даница Чадиковска, Скопје.

Дисциплинска комисија: проф. д-р Миливој Сирониќ, Загреб, проф. Ратко Братож и проф. Флора Брајер.

### I ОРГАНИЗАЦИОНА РАБОТА

Новоизбраното претседателство веднаш пристапи кон обврските што му беа доверени на собранието во Пула. Прво, резолуцијата во врска со наставата по класичните јазици, донесена на собранието, беше на време доставена до одговорните органи во сите републики. Непосредно потоа претседателството започна да прибира материјали за регистрација на Сојузот во СРМ: Статутот беше преведен и усогласен според постојните прописи за здруженијата во Македонија, но текстот на Статутот не претрпе никаква фундаментална промена. Постапката за регистрација на Сојузот, меѓутоа, не можеше да биде покрената сè додека не беше примен од Загреб печатот во почетокот на март 1987 год. По обавувањето на сите формалности, Сојузот најпосле беше регистриран во крајот на јуни 1987 и веднаш потоа се пристапи кон отворање на жиросметка на Сојузот кај Стопанската банка во Скопје.

Според Статутот претседателството беше должно да одржи годишно собрание или седница на извршниот одбор кон крајот на 1987 год. Но бидеј-

ќи не располагаше со апсолутно никакви-финансиски средства, донесе решение таква седница да се одржи во Загреб, кадешто по случај 380-годишниот јубилеј на Загрепската класична гимназија ќе бидат собрани претставници од сите републички друштва. Ова решение беше мотивирано од следниве три причини:

a. Преку преписка, која траеше без малу цела година, не можеше да се реши прашањето кога, кому и како е плаќана членарината на FIEC, па беше неопходно да се провери уште еднаш сметководната работа на претходното претседателство;

b. Бидејќи издавањето на сп. Жива Антика беше доведено во критична состојба, одговорниот уредник ќе има можност да интервенира во Рефералниот центар, којшто се наоѓа во Загреб, за подобрувањето на финансиската положба на списанието и

c. Со оглед на финансиската криза во целата наша земја, најекономично би било седницата на Извршниот одбор на Сојузот да се одржи во Загреб околу 10 или 11 окт., кога е закажана централната прослава по случај 380-годишнината од основањето на Загрепската класична гимназија, па дел од патните и дневните трошоци би покрил Организациониот одбор на прославата.

На 11 окт. 1987 год. се одржа седницата во кабинетот на проф. д-р Владимир Вратовиќ. Записникот од таа седница беше доставен до сите републички друштва. Од него се гледа дека на седницата беа претресени сите најважни прашања на Сојузот.

По поднесениот извештај на претседателот за едногодишната работа на Сојузот и дискусијата по него, беше примено во членство на Сојузот новооснованото Друштво за антички студии на Босна и Херцеговина.

Бидејќи членовите на Извршниот совет на Сојузот се истовремено и членови на Редакцискиот совет на сп. Ж. А., детално беа разгледани тешкотиите околу издавањето на ова списание (в. долу, оддел за издавачката дејност на Сојузот).

На седницата беа набележани и основните точки околу одржувањето на V научен собир. Беше прифатен предлогот на претседателот собирот да се одржи во Скопје, кадешто може од секаде лесно да се пристигне, а во градот и околината има интересни археолошки и културно-историски објекти за разгледување. Дефинитивниот наслов на собирот требаше да се уточни подоцна откако ќе се оформи Организациски одбор, а за таа цел републичките друштва требаше да достават имиња на делегираните членови.

Посебно беше дискутирано прашањето како да се контактира со членството и учесниците на собирот, при што беше заклучено известувањата да се вршат исклучиво преку управата на републичките друштва, одн. преку членовите на Организацискиот одбор, зашто порано се пријавувале за учество и лица што не се членови на друштвата.

Во дискусијата беше истакнато дека поради сè поголемиот број на учесници треба, прво да се изврши селекција на предложените излагања и тоа според построги критериуми за нивната научна вредност; второ, Редакцијата на зборникот во кој ќе бидат објавени излагањата од V научен собир во Скопје, однапред да се огради дека не се обврзува да ги печати сите излагања; трето, рефератите да бидат поврзани повеќе со класично-филолошки теми, зашто на класичните филолози ова им е единствена возможност да ги презентираат своите истражувања, а археолозите и историчарите имаат свои посебни друштва и гласила. Сразмерот на класично-филолошките теми да изнесува 70%, наспроти 30% од останатите области; четврто, времетраењето на собирот да се ограничи на четири дена и тоа да биде една од причините за построги критериуми и селекција на рефератите; петто, да им се препорача на републичките друштва да ги потстрекнуваат помладите научни кадри.

На собранието во Пула се покрена прашање и за промена на Статутот и образување на статутарна комисија, но при регистрацијата на Сојузот во Скопје во постојниот текст на Статутот не беше ништо суштествено промене-

то, па на седницата во Загреб воопшто не беше поставено прашањето за промена на Статутот.

Со оглед на тоа што сите републички друштва не делегираа на време свои членови на Организациониот одбор и не можеше да се одржи планираниот состанок на Одборот во јуни 1988, претседателството на Сојузот беше принудено по писмен пат да доуточни некои важни прашања во врска со одржувањето на V научен собир. На писмена дискусија беа поставени следниве предлози:

1. Собирот да се одржи во Скопје и да трае четири дена како што беше решено и на седницата во Загреб.

2. Наслов на собирот да биде „Грчко-римска антика во Југославија и на Балканот".

3. Рамковите теми на собирот да бидат, како и досега, од областа на: a. класична филологија (јазик и литература), b. класична археологија и епиграфија, c. историја на стариот век и d. дидактика и методика на класичните јазици.

4. Се молат републичките друштва да го известат своето членство да пријави свое учество на собирот според пропозициите донесени на седницата од 11 окт. во Загреб.

5. Рок за пријавување на учеството беше одреден 10 окт. 1988, зашто до 15 окт. претседателството требаше да поднесе барање за средства, потребни за организација на собирот.

6. До крајот на февруари учесниците се должни да достават резимеа на своите реферати.

Во определениот рок беа пополнети пријавите до Сојузот на републичките и покраинските заедници за научни дејности на Југославија. Според цените во септ. и октомври 1988 год. пресметката изнесуваше 7.600. 000. Истовремено претседателството стапи во контакт со хотелските управи за сместување на гостите и со транспортните претпријатија за полудневни и целодневни екскурзии за и по време на одржувањето на собирот.

На 12 окт. 1988 г. преку републичките членови на Организациониот одбор беше испратен првиот циркулар до членовите за дефинитивно пријавување на собирот со еднообразни формулари, кои требаше да се вратат пополнети до 15 дек. 1988. При тоа беше одредена и симболична сума за котизација од 30.000 дин.

Во јануари 1989 г. претседателството беше известено дека за организирање на V научен собир СЗНЈ одобрил сума од 3.830.000 дин. Претседателството веднаш даде приговор дека таа сума не е доволна да покрие ни еден мал процент од трошоците, меѓутоа приговорот беше отфрлен. На нашето барање средства од Социјалистичкиот сојуз исто така добиваме негативен одговор.

Бидејќи не остана надеж да се добијат средства од други извори, а доделените од ден на ден сѐ повеќе девалвираа, претседателството реши нив да ги искористи најрационално:

Околу 20 април 1989 г. резимеата, што беа пристигнати до 15 април, беа дадени на дактилограф да се препишат на една машина и беа умножени во 90 примероци според бројот на пријавените учесници.

На 9 мај 1989 год. беше изготвен вториот циркулар до учесниците и испратен преку републичките членови на Организациониот одбор заедно со резимеата и планот на Скопје за да можат полесно да се ориентираат откако ќе пристигнат. Бидејќи хотелската управа бараше да биде известена кој кога доаѓа во Скопје и кога го напушта хотелот, кон циркуларот беше додаден и регистрационен картон кој требаше до 15 јуни да му се врати на претседателството пополнет. Одговорите на вториот циркулар не беа доставени на време и тоа услови компликации во врска со хотелското сместување на гостите.

Собирот беше планиран да се одржи во големата сала на Македонската академија на науките и уметностите, за што ни беше побарана сума од

5.000.000 дин. Бидејќи немавме можност да исплатиме така висока цена, се обративме до Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ да ни ја отстапи салата за време од 26 до 29 септ. 1989. Институтот се согласи да го одржиме собирот во неговата сала без никаква надомест, за што и од ова место му искажуваме искрена благодарност.

На 29 јуни 1989 г. доставен е распис до републичките друштва со кој се известуваат дека на 29 септ. 1989 г. по одржувањето на научниот собир ќе се одржи редовното собрание на Сојузот и им беше доставен предлог на дневниот ред на собранието. Истовремено беа замолени управите на републичките друштва да ги достават имињата на своите делегати, избрани на собранијата, како и да приготват извештаи за работата на друштвата во периодот од 1986 до 1989 год. и да ги достават до претседателството до крајот на август, за да можат да се вклопат во главниот извештај на Сојузот.

Бидејќи до крајот на август не беа доставени тие извештаи се молат претседателите на друштвата да ги изложат посебно пред собранието на Сојузот.

## II ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Поради високиот пораст на цените за печатарски услуги издавањето на сп. Жива Антика е доведено во мошне критична положба. Тоа беше причина одговорниот уредник на списанието да не го прифати објавувањето на прилозите од IV научен собир во Пула. Тој материјал требаше да излезе во 37-то годиште на Ж.А. (1987). Со средствата доделени за издавање на Ж.А. во таа година, меѓутоа, Редакцијата можеше да објави одвај 53 страници текст, т.е. 8–10 пати помалу од обемот на Ж.А. во кој обично излегуваше порано. Недостиг на финансиски средства за печатарски услуги, меѓу другото, беше причина и за тоа што рефератите на учесниците од Македонија во Пула уште не се објавени.

На седницата од 11 окт. 1987 г. во Загреб беше предложено како можен излез од оваа тешка ситуација, издавањето на Ж.А. да премине на поевтина – OFFSET – техника. Но, по интервенциите од страна на Редакцијата пред одговорните форуми кон крајот на 1987 г., за издавање на Ж.А. во 1988 год. беа добиени средства петпати повеќе од оние во претходната година, така што не беше неопходно во 1988 г. да се менува техниката на издавање. Меѓутоа, доделените средства од близу една милијарда стари динари не беше доволна да ги покрие печатарските трошоци на 38-иот том од Ж.А. за 1988 г., чиј обем изнесува само 10 печатарски табаци. Со таа сума можеше да се плати една третина од фактурата за овој број на Универзитетската печатница. Остатокот, во висина од 20.200.000 дин. (две милијарди и дваесет милиони ст. дин.) ги плати Заедницата за научни дејности на СР Македонија.

Бидејќи во размена за Ж.А. од некои установи во странство се добиваат скапи публикации, а во 1987 г. обемот на Ж.А. спадна само на три печатарски табака, одговорниот уредник на Ж.А. направи напор во овој период да излезат две посебни изданија чие печатење да се финансира од други извори.

На 18-иот меѓународен конгрес на EIRENE во Будимпешта тој учествуваше како претставник на МАНУ со прилог од областа на микенологијата, а од организаторот беше замолен и да раководи со V секција на Конгресот – Микенолошки студии. Кога се покрена прашањето за објавување на материјалите од Конгресот, тој предложи да објави 10 статии од микенолошката секција во Жива Антика како посебен зборник, само ако има некој да го плати печатењето. Колегите од САД Thomas Palaima и Cynthia Shelmerdine се согласија да обезбедат околу 2.000 US $ и да бидат соиздавачи на зборникот, Посебно издание на Ж.А. бр. 7. Договорот, направен во Будимпешта, наскоро почна да се реализира. Колегите ја испратија сумата од 2.000 US | на Monoty-

ре Corporation во Редхил, Англија, од каде што Универзитетската печатница ќе набави резервни делови за своите монотип–машини, а во замена ќе го издаде зборникот на офсет-техника (в. прилог од завршната седница на 18-иот меѓународен конгрес на EIRENE во Будимпешта и насловна страница од Посебното издание на Ж.А. бр. 7).

Есента во 1988 год. проф. Силво Коприва испрати десетина песни на латински да му се објават во Ж.А. и писмо во песимистички дух дека тоа му се последни работи што можел да ги напише. Редакцијата на Ж.А. во договор со уредникот за СР Словенија, проф. Кајетан Гантар и со авторот предложи да се објават сите стихови на Силво Коприва во еден зборник и да излезе како Посебно издание на Ж.А. бр. 8. Со залагањето на словенечкиот уредник беа обезбедени финансиски средства од неколку установи во СР Словенија и во крајот на февруари 1989 год. тие беа доставени на сметка од Универзитетската печатница во Скопје. Издавањето и на овој зборник е во завршна фаза, но поради тоа што во текот на работата дојде до извесни промени во текстот, печатењето ќе чини значително повеќе отколку што изнесуваше пресметката во крајот на 1988 г. Во август 1989 г. цената на еден печатарски табак изнесува 20.000.000 (две милијарди стари динари), а печатењето на Versus Latini на Коприва ќе продолжи и во октомври.

Претседателството на Сојузот се застапуваше со сите сили пред Заедницата за научни дејности и пред Философскиот факултет во Скопје, а апелираше по телевизија и пред целата наша јавност, да се реши еднаш статусот на техничкиот уредник на сп. Жива антика, кој веќе 12 години работи без да биде некаде на платен список. Меѓутоа, и покрај сите настојувања, прашањето не е уште решено. Републичката заедница за научни дејности и Философскиот факултет во Скопје не можат да најдат правна форма за неговото работно место. При ваква ситуација Редакцијата на Жива Антика нема повеќе никакво право од него да бара било каква услуга и ако ова прашање не се разреши како треба во догледно време, како што ветуваат Републичката заедница за научни дејности и Философскиот факултет, не останува друг излез освен издателството на сп. Ж.А. да премине во друга република каде што има подобри услови да продолжи излегувањето на списанието.

## III МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Сегашново претседателство ги исполнуваше своите обврски кон FIEC. Членарината за 1987 и 1988 год. му е исплатена во окт. 1988 г. (прилог изводи од Стопанската банка во Скопје). Требувани се девизни средства и за 1989 г. и тие ќе бидат исплатени во најскоро време.

Во официјална преписка со генералниот секретар на FIEC требаше да стапи сегашново претседателство на Сојузот откако ќе добие потребна документација од претходното претседателство. Тие документи се барани на време, но до денес не се претставени.

На собранието одржано во Пула му беше поставено директно прашање на претседателот на Надзорниот (контролниот) орган дали е редовно плаќана членарината на FIEC во периодот од 1984–1986 год., на што тој пред целото членство изјави дека било сè во ред. Меѓутоа, на седницата одржана во Загреб на 11 окт. 1987 г. не можеше да се потврди тоа со документи, па затоа во записникот од седницата стои:

„Чланарина за FIEC за 1986. плаћена је још док је сједиште Савеза било у Загребу. То је потврђено увидом у документацију. Документација о исплати чланарине FIEC-у за 1984 и 1985 накнадно ќе бити представљена“. Меѓутоа, таква документација сè уште не е претставена.

Претседателот на Сојузот беше поканет да учествува на Генералното собрание на FIEC коешто се одржа на 23 авг. о. г. во Пиза за време на

одржувањето на IX меѓународен конгрес на класичните филолози (FIEC). Меѓутоа, тој не можеше да присуствува на Собранието, зашто поканата дојде многу касно; на 8 јули о.г. таа е испратена од Женева, а претседателството ја прими на 24 јули.

*Соработка со Комитетот на EIRENE*

Во септ. 1987 г. претседателството на Сојузот се обрати до СЗНЈ да обезбеди средства за нашиот делегат проф. д-р Кајетан Гантар во 1988 г. за да учествува на редовното заседание на Меѓународниот комитет на EIRENE што беше предвидено да се одржи за време на 18-иот меѓународен конгрес на EIRENE во Будимпешта од 30 август до 2 септ. Бидејќи во формуларот се бараше и официјална одлука на управниот орган од југословенската научна асоцијација дека е тој избран за делегат во меѓународна невладина научна организација, на седницата од 11 окт. 1987 г. во Загреб беше едногласно дадена согласност проф. Кајетан Гантар да биде делегат на нашиот Сојуз во EIRENE и на лице место беше напишана одлуката.

Со оглед на тоа што според Правилникот на Меѓународниот комитет на EIRENE е прецизно речено, лицето за оваа функција да биде делегирано од академиите на науките, зашто и EIRENE е меѓуакадемиска меѓународна организација, претседателството на нашиот Сојуз се обрати со свое писмо до МАНУ таа да се застапи пред Советот на академиите на Југославија за да биде Гантар делегиран и од оваа научна установа (в. прилог писмо од 16. XI. 1987). Меѓутоа, резултатот беше негативен. Досега Македонската академија на науките и уметностите немала случај да предлага или потврдува избор на делегат за некоја установа во земјата или странство од друга република, зашто со тоа според прописите на Советот на академиите таа е должна да обезбедува патни и дневни трошоци на тој делегат. Затоа предметот беше префрлен во надлежност на Словенечката академија на науките, но проф. Гантар одби да содејствува со Словенечката академија.

На седницата од Меѓународниот комитет на EIRENE што се одржа во Будимпешта присуствуваше претседателот на Сојузот, кој изјави дека легален делегат на нашиот Сојуз во Комитетот на EIRENE е проф. Кајетан Гантар. Доколку Комитетот смета дека не се исполнети сите формалности околу изборот, нека се обрати до Советот на Југословенските академии на науките. Досега немаме податоци дали Комитетот се обратил до Советот на југословенските академии. За нас е прашањето решено, зашто проф. Гантар е на легален начин предложен од двајца академици и избран едногласно на седницата на Извршниот одбор на Сојузот во Загреб на 11. окт. 1987.

Во врска со соработката со EIRENE треба посебно да се истакне дека по четири години Југославија е на ред да организира меѓународен конгрес, како оној во Дубровник во 1974 год.

Петтиот меѓународен Colloquium didacticum е одржан на 4 април о.г., за што ќе поднесе извештај нашиот делегат проф. Марјан Бручиќ.

Претседателството на Сојузот даде свој прилог во дискусиите околу проектот: „Грчки митови во европската уметност", што го организира Европскиот совет во 1992 год. во Атина.

*Заклучок*

Од гореизложеното се гледа дека Сојузот на друштвата за антички студии на Југославија во последниве три години пројавил активност во неколку области на домашен и меѓународен план. Меѓутоа, постигнатите резултати, поради објективни причини, не биле секогаш соодветни на вложените напори. Очигледно е дека во нашево општество класичните студии се поставени на периферно место. Кога некоја наша установа имала потреба од удел на класичен филолог, археолог или историчар на стариот век, сите ние радо сме се одзивале и со задоволство сме давале свој придонес според

силите. А кога сме бараље ние нешто, на пр. неопходна застапеност на класичните јазици во нашите школи, или финансиска помош за наши јавни манифестации, собири, издавачка дејност која од ден на ден станува сè покомплицирана и бара ангажираност на едно лице со полно работно време, нашите барања останувaa како глас во пустина. Да се надеваме дека апелот што го упатуваме од ова место ќе биде услишан и ќе донесе позитивен резултат.

7. 09. 1989 г.

Петар Хр. Илиевски

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СОЈУЗОТ НА ДРУШТВАТА ЗА АНТИЧКИ СТУДИИ НА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД ОКТОМВРИ 1986 ДО СЕПТЕМВРИ 1989 ГОДИНА

На IV научен собир на Сојузот на друштвата за антички студии на Југославија–*Античките темели на нашето современие*, одржан во Пула од 11.10. – 18.10.1989 година, се реши седиштето на СДАСЈ во наредниот тригодишен период да премине во СР Македонија. Заради тоа, во извештајниот период членовите на Сојузот на друштвата за антички студии на Македонија, покрај со извршувањето на редовните статутарно определени задачи, се занимаваа и со обврските околу помошта во организацијата на V научен собир на СДАСЈ – *Грчко–римска антика во Југославија и на Балканот.* Речиси на секој состанок на СДАСМ, во поширок или потесен состав, на дневен ред имаше прашања врзани за тековните проблеми околу организацијата на Собирот, кој, како што е познато, се организира во мошне сложени економски услови во земјата, што се особено изразени во нашата република.

На IV научен собир во Пула седум члена од СДАСМ прочитаа свои реферати. Наскоро по враќањето од Пула, пред поширокото членство на СДАСМ беше прочитан меморандумот за единството во наставните програми по грчки и латински јазик во средното насочено образование во нашата земја. Меморандумот беше едногласно прифатен и поддржан од членовите на нашиот Сојуз, но и покрај вложените напори на средношколските и универзитетските професори, немаше големи резултати во спроведувањето на одлуките. За тоа придонесе и трансформацијата на школите од средното насочено образование. Во преодниов период наместо грчкиот и латинскиот, што до сега беа застапени во третата и четвртата година, во наставниот план на културолошката насока е вклучен само латинскиот јазик. Членовите на Сојузот на Друштвата за антички студии на Македонија вложуваат големи напори за повторно заживување на класичните паралелки, како и за што поголем фонд часови по латински јазик во трансформираните школи.

Во извештајниов период излегоа од печат четири учебници: 1. *Старогрчки јазик I* (за III клас од културолошката насока) од Е. Чушкова;

2. *Litterae I* (за III) и

3. *Litterae II* (за IV клас од културолошката насока), од Д. Чадиковска и Љ. Басотова и

4. *Латински јазик* (за I год. од здравствената струка) од С. Чадиковска.

За поуспешно водење на наставата по грчки и латински јазик, членовите на нашиот Сојуз исто така ја обновија традицијата за одржување летен семинар за средношколските наставници. Тие се погрижија со предавања, разговори и совети да ги поддржат своите колеги за полесно надминување на проблемите и да ги поттикнат на што поголем ангажман, како при одржувањето на наставата, така и при проширувањето на знаењата од класичните дисциплини.